РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

бр. 17-252/2
11.11.2016 год.
Скопје

24.11.2016
08 264/7

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 14. седница одржана на 07.10.2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Приватна и корпоративна безбедност" прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Приватна и корпоративна безбедност" прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).
2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).
3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран менаџер по приватна и корпоративна безбедност,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: 5.06, 5.15, 5.16, 5,07, 5.08, научно - истражувачка област: 50601, 50602, 50611, 50622, 51503, 51504, 51506, 51507, 51508, 51509, 5605, 51600, 50710, 50818.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Филозофски факултет во Скопје, прв циклус циклус студиска програма „Приватна и корпоративна безбедност", на 01.07.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 12. седница, одржана на 16.09.2016 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 14. седница одржана на 07.10.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Gorazd Rosoklija

Проф. д-р Горазд Росоклија